Бр./Nr 12-2194/1
18-08-2025 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 21-ва седница одржана на ден 15.08.2025 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-3243/1 од 30.12.2024 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Пријавата со прилозите да се проследи на надлежно постапување до Министерството за образование и наука на РСМ.

Предметот со број 12-3243/1 од 30.12.2024 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-3243/1 од 30.12.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од непознат подносител со наводи за сомневања за злоупотреби на финансиски средства од буџетот на ООУ „-------------------” во Општина ------- -----------. Имено, се наведува дека потрошените средства за нафта се многу поголеми во споредба со друго училиште во истата општина, кое е помало по површина.

По увидот во содржината на пријавата, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување. Имено согласно со член 10 став 3 и 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ( „Службен весник на РМ“

бр.61/04, 96/04, 22/07, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25) надлежните министерства и фондовите го следат користењето на наменската дотација, а при констатирање на неправилности во користењето на дотацијата, надлежните министерства и фондови ја запираат исплатата на средствата и за тоа го известуваат Министерството за финансии.

Со оглед на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот во оваа Одлука, а пријавата да се проследи до надлежното Министерство за образование и наука на РСМ на надлежно постапување.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: С. С. М., член

Доставено до:
- Архивата на ДКСК; и
- Министерство за образование и наука на РСМ